ЈАВЕН ПОВИК

за доставување понуди за ментор и уредник

на новинарски продукти на тема

„Справување со загадувањето на воздухот во РС Македонија“

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во рамките на проектот „**Справување со загадувањето на воздухот”**[1] предвидува повеќе активности меѓу кои е и изработка на новинарски продукти **на тема „Справување со загадувањето на воздухот – јакнење на јавната свест за проблемите и можните решенија**“.

За таа цел се распишува и овој **јавен повик за доставување на понуди за еден ментор и уредник за 6 новинарски продукти** за теми поврзани со загадувањето на воздухот и влијанието и предизвиците во реалниот живот со кои се соочуваат погодените заедници, а со тоа да придонесат за поголема јавна свест за изворите, влијанијата и потенцијалните решенија против загадувањето на воздухот што треба да ги преземат надлежните власти и граѓаните.

Овие новинарски продукти ќе бидат изработени од група од новинари, учесници на обуката планирана во рамките на проектот „Справување со загадувањето на воздухот”.

Повеќе информации за техничките услови видете **тука**.

Информации за повикот

Постапка: **Отворен / јавен повик**
Тип на договор: **Договор за набавка на услуги**

Потребни документи

- Биографија, со референци за претходно искуство
- Изјава (Анекс 2),
- Финансиска понуда (Анекс 3)
- Доказ за резидентност согласно домашната легислатива (копија од пасош)

Начин и рок на аплицирање

Заинтересираните треба да ја достават својата апликација (биографија со референци, доказ за резидентност и пополнети **Анекс 2** и **Анекс 3**) преку електронска пошта на следниве адреси contact@znm.org.mk со назнака „Апликација по повик УНДП/2023/00122883-ЗНМ – 005 “. Крајниот рок за доставување на апликации е **26.11.2023 (недела) до 24ч, ЦЕВ**.

[1] Проектот „Справување со загадувањето на воздухот“ е дел од Програмската рамка на Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), финансирана од Шведска. Проектот го имплементира УНДП во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање и општините Кавадарци, Куманово, Гостивар, Струга и Струмица.

Во рамки на програмата исто така се спроведува и проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти“.

Референтен број: УНДП/2023/00122883-ЗНМ – 005
Наслов на проектот: **„Справување со загадувањето на воздухот**“ (Scaling up actions to tackle air pollution)
Лот: Лот: Менторство (Mentor(s))

ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

(TERMS OF REFERENCES)

За проектот:

Проектот **Справување со загадувањето на воздухот** има цел да ги поддржи локалните власти во пет пилот општини во Северна Македонија, во насока на откривање и мерење на изворите на загадување на воздухот, идентификување, развој и спроведување соодветни мерки за решавање на проблемите, јакнење на капацитетите на партнерските организации, како и подигање на јавната свест. Вклучувањето и информирањето на јавноста за прашањата за квалитетот и загадувањето на воздухот е клучен фактор за успехот на проектот. Проектот посветува особено внимание на градење партнерства и зголемување на капацитетите на граѓанските организации (ГО) и медиумите, особено што тие имаат клучна улога во правилно прикажување на фактите, споделување добри, но и лоши практики, подигнување на свеста и придонес за зголемување на знаењето во изнаоѓање решенија за справување со загадувањето на воздухот. Соработката со медиумите ќе обезбеди да се задржи вниманието на јавноста за прашањата поврзани со загадувањето на воздухот на национално и локално ниво, како и притисокот врз носителите на одлуки да дејствуваат и да покажат резултати на двете нивоа.

Клучна алка во овој процес е инвестирањето во и мотивацијата на младите новинари ширум земјата подобро да се запознаат со темата и да се поттикне интерес кај новинарите за следење и известување за проблемите со аеро загадувањето, со што ќе се обезбеди одржливост на иницијативата и по формалното завршување на проектот

Во таа насока е и улогата на Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), како најстара и најголема организација во земјата, во соработка со УНДП, да придонесе кон градење капацитети на локалните новинари за следење и известување на теми и прашања поврзани со загадувањето на воздухот и јавна промоција на квалитетни медиумски содржини.

Активностите во рамките на проектот ЗНМ ќе ги реализира во периодот од јули 2023 до декември 2025 година.

Цел на повикот:

Целта на овој повик ангажирање на **еден надворешен соработник / ментор и уредник за 6 новинарски продукти** за теми поврзани со загадувањето на воздухот и влијанието и предизвиците во реалниот живот со кои се соочуваат погодените заедници, а со тоа да придонесат за поголема јавна свест за изворите, влијанијата и потенцијалните решенија против загадувањето на воздухот што треба да ги преземат надлежните власти и граѓаните.

Овие новинарски продукти ќе бидат изработени од група од новинари, учесници на обуката предвидена во рамките на проектот „Справување со загадувањето на воздухот” што ќе се одржи од 23-25 ноември 2023, во Штип

Задачи:

Клучните задачи и одговорности на менторот и уредник вклучуваат:

- **Менторска поддршка на шест новинарските тимови** во процесите на проверка на факти и пишување на текстовите,
- **Уредување на шест финални новинарски производи** со посебно внимание за нивната јасност, читливост и доследност,
- Обезбедување дека новинарските продукти **се професионално и логично претставени**, и отстранување на непотребната содржина,
- При уредување на текстовите да обрне **посебно внимание на употребата на родово и културно чувствителен јазик**.

Менторот и уредник ќе треба да ги почитува највисоките професионални и етички стандарди и кодексот на новинарите, и да обрне внимание фотографиите и/или видео записите користени од страна на новинарските тимови во рамки на нивните текстови / новинарски продукти да се исклучиво авторски.

Временска рамка

Рокот за реализација (извршување на задачите) е 25 календарски денови, и почнува со датумот на потпишување на договорот, но не подоцна од 4 декември 2023.

Квалификации и искуство

Соработникот /менторот треба да ги исполнуваат следните минимални услови:

- Најмалку 7 години искуство во новинарството. Искуството на позицијата *уредник* е добредојдено; Искуството во менторство на новинари, ќе биде предност,
- Темелно разбирање за состојбите и покриеноста на темата „животна средина и аерозагадување“ во медиумите во Северна Македонија, особено надвор од главниот град,
- Портфолио на објавени текстови поврзани со еколошки прашања,
- Високо ниво на професионализам и способност за самостојно и/или тимско работење и во ситуации на висок притисок и во кратки рокови,
- Одлични комуникациски вештини и соработка со поединци и групи од различни културни, етнички и други заедници,
- Пожелни вештини: напредно користење на алатки за мултимедијални содржини и алатки за визуелизација на податоци; алатки за истражување и верификација на податоци.

Напомена: Заинтересираните кандидати треба да достават професионална биографија, со референци за претходно искуство.

Финансиски надомест:

Максималниот буџет за оваа набавка изнесува 53,000 денари бруто (односно по 8,550 денари бруто по новинарски продукт). Предвидениот износ е пресметан врз основа на просечната пазарна цена и приближниот број на денови на ангажман за ваков тип на услуга.

Плаќањето ќе се врши според следнава динамика:

- 100 % по извршување на сите задачи од договорот и барањето за набавка на услуга.

ТАБЕЛА ЗА ОЦЕНКА НА ПОНУДА ЗА НАБАВКА НА БАЗА НА ГЛОБАЛНА ЦЕНА

Референтен број: УНДП/2023/00122883-ЗНМ – 005
Наслов на проектот: **„Справување со загадувањето на воздухот“** (Scaling up actions to tackle air pollution)
Лот: Менторство (Mentor(s))

Оценување на техничкиот капацитет:

Проценка на технички капацитет (Вкупно поени):	**/ 100**
Компетентност	**/50**
Најмалку 7 години искуство во новинарството, Искуство на позицијата уредник е добредојдено; Темелно разбирање за состојбите и покриеноста на темата „животна средина и аерозагадување“ во медиумите во Северна Македонија, особено вон главниот град; Високо ниво на професионализам и способност за самостојно и/или тимско работење и во ситуации на висок притисок и во кратки рокови.	/50
Претходно искуство	**/50**
Портфолио на објавени приказни поврзани со еколошки прашања; Искуство во менторство на новинари, ќе биде предност	/50

Максималниот број поени што може да се добие при проценка на техничките капацитети е 100. Минималниот број на поени што понудувачот треба да ги постигне при проценка на техничките капацитети со цел понудата дополнително да се разгледа е 80.

На понудата со најголем број поени се доделува максималниот бројот на бодови, односно 80. Другите понуди добиваат број на поени за успешност, пресметани според следнава формула: Технички резултат = (вкупен број на поени постигнати при проценка на предметната техничка понуда) / (вкупен број на бодови постигнати при проценка на најдобрата техничка понуда) x 80.

Оценување на финансиската понуда:

Оценка на финансиска понуда (Вкупно поени):	**/ 20**
Цена (збирно / по новинарски продукт)	/20

Понудата со најниска цена добива најголем број на бодови, односно 20. Другите понуди добиваат број на бодови за успешност според следнава формула: Финансиски резултат = (најниска цена / цена на понуда што се разгледува) x 20

Критериум за доделување на договор:

Критериум за доделување на договорот е најдобрата вредност за парите. Најдобрата вредност за парите се одредува со проценка на техничките капацитети и цената, во сооднос 80 /20 (бодови).

Со собирање на бодовите за техничките капацитети и за финансиската понуда, се добива вкупниот број на освоени поени според кои се рангираат понудите.